# *Универзитетски гласник*

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Никола Јанкуловски,**
**ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска,**
**генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

I.

**СОДРЖИНА**

**О Д Л У К А** за доуредување и уредување на прашањата поврзани со начинот на работа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во услови на вонредна состојба ........................ 2

Врз основа на член 110, став (1), точка 13 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018), член 62 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година) и член 18 од Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 489 од 25 март 2020 година), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 31.03.2020 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
## за доуредување и уредување на прашањата поврзани со начинот на работа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во услови на вонредна состојба

### Предмет на уредување

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува и доуредува начинот на реализација на дејноста (начинот на работа) на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот) согласно Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (во натамошниот текст: Правилникот) во услови на важење на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Сл. весник на РСМ“ бр.76/2020).

Мерки на надлежните органи во Република Северна Македонија, согласно со овој Правилник, се вонредна и кризна состојба, како и други мерки за заштита на населението од ширење на болеста CoVid-19 (во натамошниот текст: мерки).

### Настава

**Член 2**

Наставата на прв и втор интегриран циклус на студии на Факултетот (предавања, вежби (кога е можно), консултации, семинарски работи, проектни задачи и сл.) продолжуваат да се одвиваат преку средства за електронска комуникација.

**Член 3**

Наставата од членот 2 на оваа Одлука ќе се реализира според распоредот што е објавен за летниот семестар од учебната 2019/2020 година, он лајн преку е-учење со средства за електронска комуникација.

Практичната настава, односно лабораториските вежби за кои е неопходно физичко присуство на студентите, ќе се одржат концентрирано во термини што ќе бидат дополнително определени по создавањето услови за тоа.

Теренската настава се запира и не се одвива додека траат мерките.

Консултациите со студентите ќе се одржуваат во објавените термини преку видеоконференција или по е-маил во договор со предметниот наставник.

### Средства за електронска комуникација

**Член 4**

Средства за електронска комуникација се средства кои обезбедуваат двонасочна комуникација при реализација на активности од дејностите на Универзитетот и единиците без заедничко физичко присуство на учесниците во активноста.

Средства за електронска комуникација можат да бидат видеоконференциски платформи, електронска пошта и други системи за електронска размена на податоци.

Основно средство за одржување на настава на Факултетот е користење на лиценци од системот за видеоконференции “Zoom”.

### Проверка на знаењата

**Член 5**

Испитите и континуираните проверки на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје нема да се спроведуваат со примена на средства за електронска комуникација и истите ќе се спроведат кога ќе се создадат услови за тоа.

### Изработка на дипломска работа

**Член 6**

Роковите за изработка на дипломска работа се запираат и не течат додека траат мерките.

**Одбрана на дипломска работа**

**Член 7**

За започнатите постапки за дипломска работа, студентите треба по електронски пат да достават барање до Факултетот за да им се овозможи одбраната на дипломска работа да мирува до создавање на условиза нивно нормално одвивање, а најмногу 60 дена од престанокот на важењето на мерките.

**Докторски студии**

**Член 8**

Предавањата, семинарите и другите обврски од студиската програма за трет циклус докторски студии, освен конференции, меѓународна мобилност и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, се реализираат со примена на средствата за електронска комуникација утврдени со оваа Одлука.

Проверката на знаењата преку испити не може да се спроведува со примена на средствата за електронска комуникација и таа ќе се спроведе кога ќе се создадат услови за тоа.

На барање на студентот, Факултетот ќе дозволи одбрана на докторски труд да се одложи до создавање услови за нејзино нормално одвивање.

Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на докторски труд пред воведувањето на мерките, се продолжува за време најмногу до 90 дена.

**Важење на оваа Одлука**

**Член 9**

Оваа Одлука се применува додека траат мерките.

Во случај на воведување построги мерки, ќе се применуваат построгите мерки.

**Влегување во сила**

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Лазо Пендовски, с.р.**